# ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ЦЕЛОТО СЕМЕЈСТВО ЗА ПРИМАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ, ПОРАДИ ПОСЕТУВАЊЕ НА СТРУЧНА ОБУКА

## СЛУЧАЈ 2:

Правото на социјална парична помош е прекината на целото семејство на В.Б, поради фактот дека еден член од семејството има примено финансиски средства на неговата сметка за посетување на обука. Овие финансиски средства (над 6.200 денари) се префрлени со цел да се покријат трошоците за храна и превоз за посета на стручно оспособување. И покрај тоа што ова лице претходно го доставил договорот за учество на обуката до надлежниот Центар за социјална работа, истиот донел негативно решение со кое му престанува правото на социјална парична помош.

Одлуката за престанување на правото на социјална парична помош од страна на Центарот за социјална работа е донесена во согласност со член 55 од Законот за социјална заштита кој гласи: "На корисниците на социјална парична помош кои работно се ангажирани, правото на социјална парична помош им мирува за времето на работното ангажирање, а по престанувањето на работното ангажирање користењето на правото на социјална парична помош продолжува".

Во овој случај Центарот за социјална работа не направил разлика помеѓу посета на обука и работно ангажирање. Член 2 став 2 алинеја 11 од "Правилник за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош" предвидува: „како приход во смисла на ставот 1 од овој член, при остварувањето и користењето на правото на социјална парична помош, не се смета: 11. надоместок за патни трошоци и дневен оброк, остварен согласно програми/мерки од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување“. ЦСР смета дека средствата над 6.200 денари добиени за стручна обука, преквалификација или доквалификација за вработување согласно со подзаконскиот акт "Оперативен план за активни програми и мерки за вработување", претставува приход односно основ за неможност за остварување и користење на правона социјална парична помош или како основа за престанок на ова право.

## ПРЕПОРАКА:

Подзаконскиот акт "Оперативен план за активни програми и мерки за вработување" треба да се измени и приходите за покривање на трошоците за учество на стручната обука не треба да се сметаат како основ за прекинување на правото на социјална парична помош. Ваквите мерки, може да ги обесхрабрат лицата, корисници на социјална парична помош, да посетуваат стручна обука и да бараат вработување.